Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-034/2019

\- Сектор за заштита на деца -

**Архивски број: 11-** 5459/1
**Датум:** 05-08-2021

**До: Градоначалници на Општини**

**Предмет: Известување до Општини**

Почитувани,

Еден од приоритетите на Министерството за труд и социјална политика е вклучување на поголем број деца од предучилишна возраст во раното учење и развој како и зголемување на опфатот на децата во установите преку инвестирање во изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

За таа цел, Министерството за труд и социјална политика на веб страната има отворен Јавен оглас кој трае во текот на целата година и на кој може да аплицираат сите заинтересирани општини кои имаат потреба од изградба, доградба, адаптација, проширување и опремување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, преку поднесување на Апликации и Проекти. Истите треба се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Службен весник на Р.М. бр.28/14, 136/14, 40/14, 71/15, 170/16 и 151/18).

Со цел надминување на проблемите кои произлегуваат од проектите кои не се изработени во целост по стандардите и нормативите за вршење на дејноста, Ве известуваме дека потребно е:

1.Општините пред да ангажираат фирма за изработка на основен проект, да достават до МТСП допис со известување за намера за изготвување на проект со прилог документација за локацијата, со што би се потврдила имотната состојба и соодветната урбанистичка намена на земјиштето – В2 (здравство и социјална заштита).

2.По добивање на потврда за соодветноста на локацијата од стручните лица од Министерството, општините можат да ангажираат фирма за изготвување на проект која треба да биде отворена за соработка и сугестии од стручните лица од МТСП.

3.Во почетна фаза на изработка на проектот, потребно е општината да побара средба со претставници на МТСП за презентација на идејното решение на проектот и истото да се одобри дека идејното решение е во согласност со


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

- Сектор за заштита на деца -

Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

4.Доколку има потреба од консултации за време на изработка на основниот проект, општината може да побара состанок, а дополнително пред предавањето и заверката на основниот проект, потребно е истиот да се одобри од страна на стручните лица од МТСП дека ги исполнува сите пропишани стандарди и нормативи.

Сите проекти, без разлика на изворот на финансирање, потребно е задолжително да се во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

Со цел навремено планирање на средства од Буџетот на МТСП наменети за капитални инвестиции и изготвување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година, потребно е сите барања – Апликации и Проекти, да се достават **НАЈДОЦНА до 01.10.2021 година** до Министерство за труд и социјална политика, ул.Даме Груев бр 14 – Скопје до Сектор за заштита на деца со назнака : „Јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од Буџетот на Министерство за труд и социјална политика".

Со почит,

**МИНИСТЕР**
Јагода Шахпаска

Изработил: М.Димишкова
Одобрил: м-р Д.Петрушевска
Согласен: Љ.Панова


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk